Врз основа на член 71 став 9 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за начинот на проверување на објективноста на наставникот при оценувањето на постигањата на успехот на учениците по наставните предмети со кои учениците се стекнуваат со вештини, односно по наставните предмети за кои не може да се врши екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците во основните училишта

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на проверување на објективноста на наставникот при оценувањето на постигањата на успехот на учениците по наставните предмети со кои учениците се стекнуваат со вештини, односно по наставните предмети за кои не може да се врши екстерно проверување на постигањата на учениците во основните училишта.

Член 2

Проверувањето на објективноста на наставникот при оценувањето на постигањата на успехот на учениците се врши за сите наставни предмети согласно наставниот план од прво до трето одделение, музичко образование, ликовно образование и физичко и здравствено образование од четврто до деветто одделение, како и по техничко образование во четврто, петто и шесто одделение.

Член 3

Проверувањето на објективноста на наставникот при оценувањето на успехот на учениците во прво, второ и трето одделение се врши преку увид во збирката на доказите за стекнатите знаења, вештини и способности на ученикот/ученичката.

Член 4

Доказите за стекнатите знаења, вештини и способности на ученикот/ученичката наставникот ги собира во текот на наставната година.

Член 5

Збирката докази за стекнатите знаења, вештини и способности на ученикот/ученичката кој следи настава во прво, второ и трето одделение според која се врши проверување на објективноста на наставникот при оценување на постигањата на успехот на ученикот/ученичката, содржи:

-насловна страница на која стои: име и презиме на ученикот/ученичка, име и презиме на наставникот, одделение и паралелка;

-докази по секој наставен предмет, и тоа:

1) За прво одделение:

- пет докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката по македонски јазик, албански јазик, турски јазик или српски јазик - по еден труд од секое програмско подрачје со 15 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- четири докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката по математика - по еден труд од секоја тема со 16 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- шест докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката по запознавање на околината - по еден труд од секоја тема со 14 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- пет докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката по ликовно образование со 15 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- 20 инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година по музичко образование;

- 20 инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година по физичко и здравствено образование.

2) За второ одделение:

- шест докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката по македонски јазик, албански јазик, турски јазик или српски јазик - вклучувајќи ги сите програмски со 14 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- шест докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката по математика - вклучувајќи ги сите теми со 14 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- седум докази што се трудови изработени од ученикот /ученичката по запознавање на околината - по еден труд од секоја тема со 13 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- шест докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката вклучувајќи ги сите теми по ликовно образование со 14 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- 20 инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година по музичко образование;

- 20 инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година по физичко и здравствено образование.

3) За трето одделение: девет докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката по македонски јазик, албански јазик, турски јазик или српски јазик - вклучувајќи ги сите програмски подрачја со 11 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- десет докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката по математика - вклучувајќи ги сите теми со 10 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- девет докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката по запознавање на околината- вклучувајќи секоја тема со 11 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- седум докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката вклучувајќи ги сите теми по ликовно образование со 13 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- 20 инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година по музичко образование;

- 20 инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година по физичко и здравствено образование.

Член 6

Збирката докази за стекнатите знаења, вештини и способности на ученикот/ученичката по англиски јазик во прво, второ и трето одделение според која се врши проверување на објективноста на наставникот при оценување на постигањата на успехот на ученикот/ученичката содржи:

- насловна страница на која стои: име и презиме на ученикот/ученичка, име и презиме на наставникот, одделение и паралелка;

-најмалку одреден број докази по секоја компонента на наставниот предмет англиски јазик за секое одделение, и тоа:

- за прво одделение 20 инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- за второ одделение 20 инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година;

- за трето одделение: 10 докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката по англиски јазик- вклучувајќи ги сите компоненти на јазикот со 10 пополнети инструменти со кои наставникот го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година.

Член 7

Наставникот по музичко образование од четврто до деветто одделение води збирка докази за постигнатите знаења, вештини и способности за секој ученик/ученичка, која содржи:

- насловна страница на која стои: име и презиме на ученикот/ученичката, име и презиме на наставникот, одделение и паралелка;

- листа со бодови според стандардите за оценувањето на постигањатата на ученикот/ученичката за наставната програма;

- докази по наставни теми: Пеење: чек листи, дескриптивни листи; Музичка писменост: чек листи, холистички листи, аналитички листи, разни апликации за утврдување на музичката писменост; Слушање музика: есеистички прашања, ликовно изразување или литературно изразување (краток расказ или песна) каде ученикот сам го избира начинот на изразување според своите афинитети, мини проекти за композитори, Свирење на детски музички

инструменти: чек листи; дескриптивни листи; Народно музичко творештво: албуми за собирање слики за народни инструменти, орска народна традиција, мисловни мапи; Основи на музичките форми: наставни листови (со листа за бодување); Вокална музика: холистичка листа, мисловна мапа, албум за собирање слики вокални интарпретатори и хорови; Музички инструменти: холистичка листа, мисловна мапа, албум за собирање на музички инструменти; Музичко изразување и творење: ликовно изразување или литературно изразување (краток расказ или песна) каде ученикот сам го избира начинот на изразување според неговите афинитети;

Збирката докази од став 1 на овој член содржи 15 докази, од кои пет се ученички трудови, а 10 докази се инструменти за следење на напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година.

Член 8

Наставникот по физичко и здравствено образование од четврто до деветто одделение води збирка докази за постигнатите знаења, вештини и способности за секој ученик/ученичка, која содржи:

- насловна страница на која стои: име и презиме на ученикот/ученичката, име и презиме на наставникот, одделение и паралелка;
- листа со бодови според стандардите за оценувањето на постигањата на ученикот/ученичката за наставната програма;
- инструменти со кои го следел напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на учебната година.

Наставникот води и личен картон за ученикот/ученичката каде што се евидентираат податоци за морфолошкиот статус на ученикот/ученичката, психомоторните способности и функционални способности.

Збирката докази од став 1 на овој член содржи 15 докази.

Член 9

Наставникот по ликовно образование од четврто до деветто одделение води збирка докази за постигнатите знаења, вештини и способности за секој ученик/ученичка, која содржи:

- насловна страница на која стои: име и презиме на ученикот/ученичката, име и презиме на наставникот, одделение и паралелка;
- листа со бодови според стандардите за оценувањето на постигањата на ученикот/ученичката за наставната програма;
- докази во збирката на ученикот/ученичката по предметот ликовно образование: дел од ликовни творби и скици на ученикот, изработени при практичната реализација, фотографирани ликовни творби и скици на ученикот, изработени при практичната реализација, мини проекти, како и презентации за различни наставни теми и инструменти за следење на напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната.

Збирката докази од став 1 на овој член содржи 15 докази од кои 10 се ученички трудови, а пет се инструменти за следење на напредувањето на ученикот/ученичката.

Член 10

Наставникот по техничко образование од четврто до деветто одделение води збирка докази за постигнатите знаења, вештини и способности за секој ученик/ученичка којашто содржи:

- насловна страница на која стои: име и презиме на ученикот/ученичката, име и презиме на наставникот, одделение и паралелка;
- листа со бодови според стандардите за оценувањето на постигањата на ученикот/ученичката за наставната програма.
- докази во збирката на ученикот/ученичката по предметот техничко образование: дел од творбите и скиците на ученикот/ученичката, изработени при практичната реализација, фотографирани творби и скици на ученикот/ученичката, изработени при практичната реализација, мини проекти, како и презентации за различни наставни теми;
- инструменти за следење на напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година .

Збирката од став 1 на овој член содржи 15 докази од кои 10 се ученички трудови, а пет се инструменти за следење на напредувањето на ученикот/ученичката.

Член 11

Проверувањето на објективноста на наставникот при оценувањето на постигањата на успехот на учениците во прво, второ и трето одделение се врши преку доказите за стекнатите знаења, вештини и способности на ученикот/ученичката според постоење на поединечни збирки на докази за најмалку 80 % од сите ученици во паралелката.

Наставникот добива 10 бода доколку има обезбедено збирки на докази за 91 % - 100% од учениците.

Наставникот добива пет бода доколку има обезбедено збирки на докази за 80 % до 90% од учениците во паралелката.

Доколку наставникот нема обезбедено збирки на докази за најмалку 80 % од учениците во паралелката не добива бодови (нула бодови) и не се вреднува за бројот на доказите што се трудови изработени од ученикот/ученичката.

Член 12

Проверувањето на објективноста на наставникот при оценувањето на постигањата на успехот на учениците во прво, второ и трето одделение се врши и преку бројот на докази во поединечните збирки на докази за секој ученик/ученичка за одредени наставни предмети во прво, второ и трето одделение и инструменти за следење на напредокот на учениците на почетокот и во текот на наставната година за одредени наставни предмети во прво, второ и трето одделение, согласно член 5 од овој правилник.

Наставникот кој изведува настава од прво до трето одделение добива по два бода за секој доказ – труд од ученикот/ученичката за секој наставен предмет во прво, второ и трето одделение и по два бода за секој инструмент за следење на напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година.

Наставникот кој изведува настава од прво до трето одделение може да добие најмногу 40 бода доколку има обезбедено 20 и повеќе докази во збирките на докази- трудови изработени од ученикот/ученичката за секој наставен предмет, како и инструменти за следење на напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година).

Член 13

Вкупниот број на бодови кои што може да ги добие наставникот од поединечни збирки на докази од член 11 на овој правилник и бројот на докази од член 12 од овој правилник е 50 бодови.

Член 14

Проверувањето на објективноста на наставникот кој реализира настава по англиски јазик при оценување на постигањата на успехот на учениците во прво, второ и трето одделение се врши преку доказите за стекнатите знаења, вештини и способности на ученикот/ученичката во поединечни збирки на докази за најмалку 80 % од сите ученици во паралелката.

Наставникот добива 10 бода доколку има обезбедено збирки на докази за 91 % - 100% од учениците.

Наставникот добива 5 бода доколку има обезбедено збирки на докази за 80 % до 90% од учениците во паралелката.

Доколку наставникот нема обезбедено збирки на докази за најмалку 80 % од учениците во паралелката не добива бодови (нула бодови) и не се вреднува за бројот на докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката

Член 15

Проверувањето на објективноста на наставникот кој реализира настава по англиски јазик при оценувањето на постигањата на успехот на учениците во прво, второ и трето одделение се врши преку бројот на докази во поединечните збирки на докази за секој ученик/ученичка и инструменти за следење на напредокот на учениците на почетокот и во текот на наставната година во прво, второ и трето одделение, согласно член 6 од овој правилник.

Наставникот кој изведува настава по англиски јазик од прво до трето одделение добива по два бода за секој доказ-труд од ученикот/ученичката за наставниот предмет англиски јазик во прво, второ и трето одделение и по два бода за секој инструмент за следење на напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година.

Наставникот кој изведува настава по англиски јазик од прво до трето одделение може да добие најмногу 40 бода доколку има обезбедено 20 и повеќе докази во збирките на докази - трудови изработени од ученикот/ученичката за секој наставен предмет, како и инструменти за следење на напредувањето на ученикот/ученичката на почетокот и во текот на наставната година.

Член 16

Вкупниот број на бодови кои што може да ги добие наставникот од поединечни збирки на докази од член 14 на овој правилник и бројот на докази од член 15 од овој правилник е 50 бодови.

Член 17

Проверувањето на објективноста на наставникот кој реализира настава по музичко образование, ликовно образование, техничко образование и физичко и здравствено образование при оценувањето на постигањата на успехот на учениците се врши преку докази за стекнатите знаења, способности и вештини на ученикот/ученичката во поединечни збирки на докази и инструменти за следење на напредокот на учениците на почетокот и во текот на наставната година за најмалку 80% од сите ученици во паралелката.

Наставникот добива 10 бода доколку има обезбедено збирки на докази за 91 % - 100% од учениците.

Наставникот добива пет бода кој има обезбедено збирки на докази за 80 % до 90% од учениците во паралелката.

Доколку наставникот нема обезбедено збирки на докази за најмалку 80 % од учениците во паралелката не добива бодови (нула бодови) и не се вреднува за бројот на докази што се трудови изработени од ученикот /ученичката.

Член 18

Проверувањето на објективноста на наставникот кој реализира настава по музичко образование, ликовно образование, техничко образование и физичко и здравствено образование при оценувањето на постигањата на успехот на учениците се врши преку докази за стекнатите знаења, способности и вештини на ученикот/ученичката според бројот на докази во поединечните збирки на докази за секој ученик/ученичка и инструменти за следење на напредокот на учениците на почетокот и во текот на наставната година .

Наставникот добива 10 бода доколку води листа според стандардите за оценувањето на постигањата на учениците за секој ученик /ученичка одделно и по два бода за секој прилот (труд или инструмент) наведени во членовите 7, 8, 9 и 10 од овој правилник.

Во зависност од бројот на прилози што влегуваат во збирката на докази, наставникот може да добие најмногу 40 бода.

Член 19

Вкупниот број на бодови кои што може да ги добие наставникот од поединечни збирки на докази од член 16 на овој правилник и бројот на докази што се трудови изработени од ученикот/ученичката од член 17 од овој правилник е 50 бодови.

Член 20

За проверување на објективноста на наставникот при оценувањето на постигањата на успехот на учениците по наставните предмети со кои учениците се стекнуваат со вештини, од страна на училишната комисија се определуваат по тројца наставници од редот на вработените наставници во училиштето по соодветните наставни предмети.

Доколку во училиштето не постои друг вработен наставник по соодветниот предмет по којшто се врши проверување на објективноста на оценувањето, училишната комисија определува наставник од сродно подрачје/област на наставниот предмет.

Член 21

Тројцата наставници од член 14 од овој правилник ја разгледуваат содржината на збирката на докази за секој ученик/ученичка во паралелката и истите ги бодуваат одделно, согласно членовите 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 19 од овој правилник.

Бодовите од доказите од секој наставник за кој се проверува објективноста на оценувањето се евидентираат во Листа за внесување на бодовите на наставниците за кои се врши проверување на објективноста на оценување врз основа на збирката докази која е дадена во прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Листа од став 2 на овој член, тројцата наставници од став 1 на овој член ја доставуваат до училишната комисија.

Член 22

Училишната комисија изготвува Извештај од училишната комисија кој го доставува до Државниот испитен центар.

Извештај од училишната комисија е даден во прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 23

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Министер,**
**м-р Панче Кралев**

Бр. 19-7879/2
22 април 2013 година

Прилог бр. 1

Основно училиште ________________________________________________________

Место/општина ___________________________________________________________

Листа

за внесување на бодовите на наставниците за кој се врши проверување на објективноста на оценување врз основа на збирката докази од страна на стручната комисија

| Р.б. | Име и презиме на наставникот | Наставен предмет | Паралелка и одделение во кое предава наставникот | Број на бодови за постоење на збирка на докази за над 80% од учениците во пралелката | Број на бодови според доказите во збирката* | | | Вкупен број на бодови за наставникот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Листа на стандарди | Инструменти | Ученички трудови | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

*Во колоната се внесуваат бодови во зависнот од барањата во правилникот (за I, II и III одделение инструменти и ученички трудови, а за останатите наставни предмети и листа на стандарди)

Наставници:

________________________________

________________________________

________________________________

Датум______________

Прилог бр. 2

ОУ_______________________________________

место/општина______________________________

ИЗВЕШТАЈ
од училишната комисија

| Ред. бр. | Име и презиме на наставникот | Наставен предмет | Паралелка и одделение во кое ја реализира наставата | Вкупен број бодови |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10. | | | | |
| 11. | | | | |
| 12. | | | | |
| 13. | | | | |
| 14. | | | | |
| 15. | | | | |
| 16. | | | | |
| 17. | | | | |
| 18. | | | | |
| 19 | | | | |
| 20. | | | | |
| 21. | | | | |
| 22. | | | | |
| 23. | | | | |

Претседател на училишната комисија:

_______________________________________

Датум: ________________________ М.П.